РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

Примено: / Pranuar: 27.05.2025

| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 03 | 1590 | / | |

( Образец ПП……)

**До: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**ул.„ Бул. Пресвета Богородица бр.3**
**Скопје**

________________________________________________

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

***Од:*** [redacted]

______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Каква одлука е донесена по поднесената претставка на ден 30.09.2024 година против** [redacted]

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

***- б) препис***

- в) фотокопија

- г) електронски запис

- д) друго______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

***<u>- а) по пошта</u>***

- б) телефон

- в) факс

***<u>- г) е-маил</u>***

- д) друго______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Потпис**

***Во Битола,26.05.2025 година.***

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

---

**From:** [redacted]
**Sent:** Monday, May 26, 2025 12:15 PM
**To:** Burim Abazi
**Subject:** Барање
**Attachments:** БАРАЊЕ ДО ДКСК.docx

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

03-1590/2
09-06-2025

Бр. / Nr. 03-1590/
_______________г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2953/1 од 18.11.2024 година, доставено од [redacted], го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-2953/1 од 18.11.2024 година, **СЕ УВАЖУВА.**

До барателот бараната информација да се достави на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

Барателот на информацијата, Ивана Ристевска, до ДКСК во електронска форма достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: ***„Каква одлука е донесена по поднесената претставка на ден 30.09.2024 година против*** [redacted]

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето ДКСК констатираше дека располага со бараните информации и дека се работи за информации поврзани со предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител за што ДКСК на 16-та седница одржана на 28.03.2025 година донесе Одлука со која постапката по предметот бр. 12-2565/1 од 30.09.2024 година, во која се изнесени наводи за сомнение за злоупотреба на службената положба **СЕ ЗАПИРА**. ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Битола каде постапката е во тек.

Постапувањето по оформениот предмет е завршен. Одлуката бр. 12-196/3 од 03.04.2025 година е објавена на веб страницата на ДКСК на следниот линк: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2025/04/12-196-3.pdf

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Бурим Абази, службено лице
Согласен: Адем Чучуљ, генерален секретар,

**Да се достави до:**
**- подносителот**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-196/3

03.04.2025 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 16-та седница одржана на 28.03.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-2565/1 од 30.09.2024 година, против -------- -------- - Претседател на -------- --- -----, во која се изнесени наводи за сомнение за злоупотреба на службената положба, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Битола каде постапката е во тек.

Предметот со број 12-2565/1 од 30.09.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.09.2024 година, доставена е пријава против против -------- -------- - Претседател на -------- --- -----, во која се изнесени наводи со сомнение за злоупотреба на службената положба, по што ДКСК оформи предмет број 12-2565/1 од 30.09.2024 година. Во пријавата е наведено дека посоченото лице во својство на Претседател на ------- --- ------- ги пречекорила границите на своите службени овластувања и сторени злоупотреби спротивно на законски прописи при вработување по јавен оглас број 1/2024 објавен на 26.01.2024 година, и избор на кандидати кои не ги исполнуваат условите односно го немаат потребното работно искуство.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително наведено е дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување и до Јавното обвинителство на РСМ.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата достави барање до Јавното обвинителство на РСМ за прибирање на податоци и информации дали до обвинителството е поднесена пријава со исти или слични наводи и доколку има, дали е оформен предмет и во која фаза се наоѓа постапувањето, со достава на прилог документација на копија од евентуално донесена јавно обвинителска одлука или друг акт од надлежност на горе наведеното јавно обвинителство.

Од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставена е информација КО бр. 576/24 од 07.02.2025 година, во која е наведено дека Основното јавно обвинителство Битола по доставена пријава од познат подносител против ------- -------- - Претседател на -------- --- -----, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353 од КЗ има оформено предмет заведен под број КО бр.576/24 кој текновно постапувал по истиот. Дополнително известува дека за исходот од своето постапување по донесувањето на Јавно обвинителската одлука или друг акт од надлежност на обвинителството ДКСК ќе биде известена.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Битола кој тековно постапува и се уште не е донесена Јавно обвинителска одлука.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата